# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 199** **6 август 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2469. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад........... | 2 |
| 2470. | **Одлука** за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „БАЛТАЗАР“ - Куманово..... | 2 |
| 2471. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад........... | 2 |
| 2472. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија........... | 3 |
| 2473. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје........................... | 3 |
| 2474. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2019 година....... | 5 |
| 2475. | **Одлука** за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија............................. | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2476. | **Решение** за именување в. д. директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија........................................ | 6 |
| 2477. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата директор на Управата за јавни приходи........................... | 6 |
| 2478. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата директор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија............................. | 6 |
| 2479. | **Решение** за именување в. д. директор на Управата за јавни приходи.... | 7 |
| 2480. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата в. д. директор на КПУ Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.............. | 7 |
| 2481. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата директор на Државниот управен инспекторат................ | 7 |
| 2482. | **Решение** за именување в. д. директор на КПУ Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес... | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-88 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2469.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Севрена Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Народен правобранител на Република Северна Македонија да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање, и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расходување на основни средства бр. 1800/1 од 28.7.2020 година, донесена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5204/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2470.**

Врз основа на член 111 алинеја 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ „БАЛТАЗАР“ - КУМАНОВО**

Член 1

Со оваа одлука се одзема одобрението за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „БАЛТАЗАР“ - Куманово, со седиште на ул. „Питу Гули“ бр.11, општина Куманово, дадено со Одлука за давање одобрение за основање на приватна установа за деца – Центар за ран детски развој „БАЛТАЗАР“ - Куманово бр. 42-7698/1 од 12 август 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/15).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6920/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2471.**

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кавадарци да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на резултатите од пописот, бр.02-550/13 од 26.2.2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кавадарци.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6928/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

__________

**2472.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/18).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-7146/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

__________

**2473.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Систем за криопрезервација на хематопоетски матични клетки, составен од:** | | | **комплет** | **1** |
| 1.1 | Биолошки замрзнувач за контролирано замрзнување на матични клетки | KRYO-560-16-M | ПЛАНЕР плц | парче | 1 |
| 1.2 | Пумпа за течен азот | LNP4 pump | ПЛАНЕР плц | парче | 1 |
| 1.3 | Банка за криопрезервација и чување на примероците во течен азот или пареа од течен азот | MVE 616 AF-GB-BB-MDD | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 1.4 | Комплетен ракинг систем – сталажа за кеси за крв | Rack# 4R9953 | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 1.5 | Цилиндар за чување на течен азот кој сам го создава притисокот | EUROCYL 230SB | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 1.6 | Контејнер за чување на течен азот | LAB 30 | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 1.7 | Додатоци за поврзување на апаратите | LN2 Supply Hose T VALVE Assembly | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 2 | **Сигурносна опрема за ракување со системот за криопрезервација на хематопоетски матични клетки, составен од:** | | | **комплет** | 1 |
| 2.1 | Сензор за О□ | O2NE | ПЛАНЕР плц | парче | 1 |
| 2.2 | Криогени ракавици | Cryogenic gloves | МВЕ Чарт Биомедикал | пар | 1 |
| 2.3 | Криогена престилка | Apron | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |
| 2.4 | Заштитни очила | Googles | МВЕ Чарт Биомедикал | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-7182/1 | Претседател на Владата |
| 5 август 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**2474.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ АГРО-БЕРЗА СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2019 година бр.0202-58/2 од 9.3.2020 година усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата одржана на 9.03.2020 година и на Годишниот извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2019 година бр.0202-44/3 од 19.2.2020 година усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата одржана на 19.2.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-7384/1 | Претседател на Владата |
| 5 август 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**2475.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 104/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 август 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА ПАНДЕМИЈА ПРОГЛАСЕНА ОД СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА КОРОНАВИРУСОТ COVID-19 И СПРЕЧУВАЊЕ ОД НЕГОВО ШИРЕЊЕ И ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на подрачјата од територијата на Република Северна Македонија кои се зафатени со кризната состојба и каде се манифестираат причините наведени во став 1 на овој член.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи кој ќе биде во постојано заседавање.

Главниот штаб при Центарот за управување со кризи од 6 август 2020 година до 24.00 часот да изготви акциски план за превенција и справување со влезот и транзитирањето на мигрантите низ територијата на Република Северна Македонија, како и целосен преглед за расположливи човечки и материјално – технички ресурси и план за координирано дејствување.

Член 3

Органите на државната управа да преземат мерки и активности согласно прописите за управување со кризи.

Член 4

Постоењето на кризната состојба утврдена со оваа одлука ќе трае 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-7502/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2476.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В. Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија се именува Татијана Лалчевска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-7509/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2477.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. На Сања Лукаревска и се утврдува престанок на функцијата директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на министерството за финансии, поради нејзиниот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 7510/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2478.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. На Мартин Костовски му се утврдува престанок на функцијата директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20–7511/1
5 август 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2479.**

Врз основа на член 10 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2014, 61/2015, 27/2016, 35/2018, 83/2018 и 7/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В. Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. За вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Фарук Омери.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 7512/1 | Претседател на Владата
5 август 2020 година | на Република Северна Македонија,
Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р.

**2480.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА В. Д. ДИРЕКТОР НА КПУ КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. На Боби Мојсоски, му се утврдува престанок на функцијата вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес поради неговиот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 7513/1 | Претседател на Владата
5 август 2020 година | на Република Северна Македонија,
Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р.

**2481.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. На Фаница Николоска и се утврдува престанок на функцијата директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, поради нејзиниот избор за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 7514/1 | Претседател на Владата
5 август 2020 година | на Република Северна Македонија,
Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р.

**2482.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и бр. 220/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 август 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В. Д. ДИРЕКТОР НА КПУ КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. За вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес се именува Александар Донев.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 7515/1 | Претседател на Владата
5 август 2020 година | на Република Северна Македонија,
Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в.д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

ISSN 0354-1622

2020199